# ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за заштита и спасување

ПРЕТСТАВНИК: Звонко Томески
Командант на ТППЕ - Скопје

Предлог-Одлука
за одобрување набавка на
пумпа за теренско возило со висок притисок

Скопје, март 2022 година

Предлог

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) Советот на Град Скопје на ______________ седница, одржана на ___________ 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување набавка на**
**пумпа за теренско возило со висок притисок**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува набавка на пумпа за теренско возило со висок притисок.
Техничките карактеристики на пумпата за теренско возило со висок притисок ќе бидат дефинирани во тендерската документација.

**Член 2**

Средствата за набавка на пумпата за теренско возило со висок притисок во износ од 600.000,00 денари се обезбедени во Буџетот на Град Скопје за 2022 година.

**Член 3**

Пумпата за теренско возило со висок притисок да се набави согласно одредбите на Законот за јавни набавки.

**Член 4**

Пумпата за теренско возило со висок притисок да се заведе во евиденцијата за основни средства во Секторот за финансиски прашања.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ”Службен гласник на Град Скопје”.

**Број -_________** **СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

___.___.2022 година
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Трајко Славески**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на предложената одлука е членот 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), каде е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје.

Набавката е наменета за потребите на Територијалната противпожарна едиица на Град Скопје, за обновување на возниот парк и нормално функционирање на единицата.

За реализација на оваа набавка превидени се средства во износ од 600.000.00 денари.

Ваквиот вид на пумпа за теренско возило со висок притисок е неопходна за секојдневното работење на единицата и е предвидена за вградување во теренско возило кое е добиено како донација од УНДП и би се користела за гасење на помали пожари (контејнери, сообраќајни средства и сл.) и пожари на отворен простор.

Од горенаведените причини се предлага Советот на град Скопје да ја донесе одлуката за набавка на пумпа за теренско возило со висок притисок.